Република Македонија

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Ул. "Македонија" бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Судскиот совет на Република Македонија врз основа на член 44 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015 и 61/2015), објавува

# О Г Л А С

- **За избор на претседател на Управниот суд**
- **За избор на претседател на Основниот суд Крушево**
- **За избор на претседател на Основниот суд Куманово и**
- **За избор на претседател на Основниот суд Ресен.**

Кандидатите за избор на претседател треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 45 и член 47 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/2006) в.в. со член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.150/2010).

Заинтересираните кандидати пријавата заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар да ги достават до Судскиот совет на Република Македонија, ул. „Македонија" бр.5, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија". Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на WEB страната на Судскиот совет на Република Македонија на следната адреса:http://sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/izvestai/ostanati-dokumenti.
Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите полагаат психолошки тест и тест за интегритет согласно член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.150/2010). По однос на термините за полагање на тестовите, кандидатите ќе бидат дополнително известени од страна на Судскиот совет на РМ.

Трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет паѓаат на товар на кандидатите.

**Бр.08-656/2**
**03.05.2017 година**
**Скопје**

**Судски совет**
**на Република Македонија**
**Претседател,**
**Зоран Караџовски**